**ЗАПИСНИК**

Од конститутивната седница на Факултетското студентско собрание на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје одржана на 25.12.2023 г. (понеделник) во 14 ч во Нова сала за ННС. Претседателот утврди дека на седницата се:

Присутни: Данило Крстовски (претседател), Петар Китанчев, Анастасија Саша Тофоска, Сара Мишева, Калина Георгиева, Лина Рангелова, Ивона Тодорова, Бојана Бурческа, Лука Стојановски, Филип Петровски, Марија Самарџиска, Тамара Кунцулова, Бојан Палитов, Емилија Протугерова, Филип Стојановски, Тијана Тесалоника Шишкоска, Кире Јованов, Магдалена Николовска, Катерина Антовска и Стефан Андоновски.

Отсутни: Димитрија Настески и Анастасија Кипариз Крстеска.

**ДНЕВЕН РЕД**

i. Верификација на мандатите и утврдување на истек на мандатите од претходниот состав;
ii. Избор на претставници на Факултетското студентско собрание во Наставно-научен совет;
iii. Избор на претставници на Факултетско студентско собрание во Центар за правно клиничка едукација по студентска дебата и
iv. Разно.

**ТОЧКА 1. Верификација на мандатите и утврдување на истек на мандатите од претходниот состав**

Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ проф. д-р Сашо Георгиевски го поздрави новиот состав и свечено ја отвори конститутивната седница на новиот состав на Факултетското студентско собрание за мандатен период од 2023-2024 г. Факултетското студентско собрание утврди истек на мандатот на членовите од претходниот состав, и тоа: Ангела Вељановска, Анастасија Вељановска, Марио Велковски, Дора Смилевска, Ѓорѓи Стојков, Марија Илиевска, Ивана Петковска, Бојан Стојановски, Калина Најдеска и Стефан Кофиловски. Факултетското студентско собрание успешно ги верификува мандатите на членовите избрани согласно Одлуката за резултати од одржаните избори за членови на Факултетското студентско собрание на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, и тоа: Петар Китанчев, Анастасија Саша Тофоска, Сара Мишева, Калина Георгиева, Лина Рангелова, Ивона Тодорова, Бојана Бурческа, Лука Стојановски, Филип Петровски, Димитрија Настески, Анастасија Кипариз Крстеска, Марија Самарџиска, Тамара Кунцулова, Бојан Палитов, Емилија Протугерова, Филип Стојановски, Тијана

Тесалоника Шишкоска, Кире Јованов, Магдалена Николовска, Катерина Антовска и Стефан Андоновски.

**ТОЧКА 2. Избор на претставници на Факултетското студентско собрание во Наставно-научен совет**

По претходен предлог на претседателот, за претставници на Факултетското студентско собрание во Наставно-научен совет на Правен факултет предложени се: Магдалена Николовска (заменик студентски-правобранител) со бр. на индекс 771м и Тијана Тесалоника Шишкоска со бр. на индекс 47583. Истите се едногласно изгласани.

**ТОЧКА 3. Избор на претставници на Факултетското студентско собрание во Центар за правно клиничка едукација по студентска дебата**

По претходен предлог на претседателот, за претставници на Факултетското студентско собрание во Центар за правно клиничка едукација по студентска дебата на Правен факултет предложени се: Петар Китанчев со бр. на индекс 49247 и Анастасија Саша Тофоска со бр на индекс 91па. Истите се едногласно изгласани.

**ТОЧКА 4. Разно**

Во однос на оваа точка, се разви дискусија во однос на перцепцијата на членовите на досегашното функционирање на студентското собрание, Правниот факултет, како и очекувањата кои ги имаат и предизвиците кои ќе следат. Од наведените искази, забелешките се однесуваат кон: поголема транспарентност на работењето на собранието, недоволно развиениот културно-забавен живот од страна на собранието, еднонасочната комуникација од собранието кон студентите, недостатоци од факултетот кои студентското собрание треба да ги адресира и сл. Студентското собрание во наредниот месец има за цел организационо да ги пополни комисиите, да сподели надлежности меѓу истите и одговорно да ги адресира забелешките, вклучително и проектите кои се во етер, како студентското списание на студентите на Правен факултет „Јустинијан Први“.

По исцрпување на сите точки од дневниот ред, Претседателот ја затвори седницата во 15 ч.

ПРЕТСЕДАТЕЛ,

Данило Крстовски

________________________